# НАСТАВА

Наум ДИМОВСКИ

## ЗА ИДЕЈНОСТА СОДРЖАНА ВО ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА ШТО СЕ РЕАЛИЗИРА ОД НАШИТЕ НАСТАВНИЦИ ВО СТРАНСТВО СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ИСТОРИСКИТЕ СОДРЖИНИ

### Нешто за содржините кои се реализираат со нашите деца во странство

Програма за воспитно-образовната работа на македонски јазик со децата од основноучилишна возраст на југословенските граѓани на привремена работа во странство е изработена за дополнителната настава за она време додека се на редовно задолжително школување во земјата — домаќин. Таа се остварува во текот на учебната година за околу 150 часа.

Материјалот е конципиран по тематски целини.

Обемот и длабочината на содржините се презентирани и треба да се реализираат во три фази:

— I фаза — основни програмски содржини, главно за учениците од I, II и III одделение;

— II фаза — програмски содржини за понапреднатите, главно, ученици од IV, V и VI одделение;

— III фаза — програмски содржини за најнапреднатите, главно, ученици од VII, VIII и IX одделение.

Иако програмата не е составена според систематиката на наставните предмети (на пример, историја, географија, музичко воспитание и др.), зашто, според досегашните искуства, тоа ги оптоварува, ги сопира наставниците и децата со дополнителни обврски, сепак сметаме дека остварувајќи ја оваа програма, во согласност со нејзината цел и задачи, наставникот во земјата — домаќин има можности да го чува и развива националниот интегри-

тет на ученикот, да го подготви за враќање во татковината и за вклучување во воспитно-образовниот систем на СФР Југославија.

Во овој прилог се определив за споменатава тема — За идејноста на наставните содржини со историска тематика.

Во Програмата за воспитно-образовна работа на македонски јазик со децата од основна училишна возраст на југословенските граѓани на привремена работа во странство како општи ставови и задачи во врска со идејноста што треба да се реализираат, поставени се следниве:

— развивање на приврзаноста и чувството за припадност кон татковината СФРЈ, нејзините народи и народности, нејзиното социјалистичко самоуправно уредување како и развивање на социјалистичкиот интернационализам;

— развивање на марксистичкиот поглед на светот;

— развивање на трајно и длабоко интересирање за татковината СФРЈ, за родниот крај, како и за нивните достигнувања на сите подрачја на работата и животот;

— развивање на братството и единството на народите и народностите на СФРЈ;

— запознавање со историското минато на татковината, со најзначајните историски настани, вековната борба на нашите народи и народности за слобода и посебно со придобивките од НОВ и револуцијата;

— развивање позитивни односи кон земјата домаќин;

— развивање на хумани и солидарни односи, толерантност и заемно почитување меѓу учениците, како и меѓу учениците и наставниците итн.*)

## Некои наспомнувања за идејноста во наставата

За да се одговори на прашањето за идејноста во наставата, неопходно е барем во најопшти црти да се разгледаат некои сфаќања и одредувања на поимите како што се: воспитание, идеологија, наставник и сл.

За воспитанието општо може да одговориме со познатата дефиниција за сестрано развиена личност на ученикот иако има и други толкувања на овој план.

И терминот идеологија се сфаќа доста различно, што има и соодветни теоретско-практични последици. Оправдано, идеологијата се сфаќа како збир — односно целосен систем на мисли

*) Програма за воспитно-образовна работа на македонски јазик со децата од основна училишна возраст на југословенските граѓани на привремена работа во странство. Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Скопје, 1977.

и идеи. Таа има и општо филозофско значење. Идеологијата се јавува во повеќе меѓу себе поврзани облици и тоа во однос на општото, посебното и поединечното, и тоа во онолку видови во колку што се јавува човечката мисла за стварноста, природата и природните појави, човечкото општество, општествените појави и психичкиот живот.

Меѓутоа, идеологијата како човечко сознание мора да претставува кохерентен систем во кој се проткајуваат со безброј нишки општото, посебното и поединечното.

Идеологијата на самоуправното општество има задача да ги политизира масите во позитивна смисла на значењето на тој збор, затоа училиштето и воспитанието имаат посебна улога во идејното оспособување на младите за нови општествени промени и преобразби. Оттука во ова наше бурно и динамично време, можеби повеќе отсекогаш, доаѓа до израз максимата „Воспитувачот мора да биде воспитан", а тоа значи сообразно неговиот позив и професионалната етика постојано да се изградува и да оди во чекор со своето време и со севкупноста на својата личност и дела да застанува во редот на пионерите на прогресот и хуманизацијата на односите во општеството.

Наставата по сите предмети дава можности за обезбедување на идејноста. Всушност, сите наставни предмети, односно науки со својата научност, а природните посебно со својата егзактност даваат големи можности, се проткаени и со идејноста.

## Што всушност претставува идејноста во наставата

Идејноста е карактеристика на наставата да ги задоволува сите услови на научноста**) Меѓу идејноста и научноста во наставата не треба да се прави остра разлика, зашто секоја настава што е научна, што ја изнесува вистината, истовремено е и идејна.

Идеологијата на работничката класа се засновува врз научните факти и резултати. Наставата што ги задоволува критериумите на идејноста развива самокритика, самостојност во расудувањето и стремеж кон објективност. Од тоа произлегува дека наставата треба да го надминува обичното усвојување на фактите и да се издигнува до повисока синтеза на знаењата и убедувањата.

Идејноста во наставата е заснована врз идеологијата и политиката на господаречката класа или владеачката општествена по-

---

**) Научноста пак е карактеристика на наставата во која настaвниот материјал што се обработува мора да биде изложен научно, непристрасно, објективно, без искривување на фактите. Начинот на излагање на материјалот мора да ги задоволува условите што ги поставува научната методологија и научниот дух.

литичка партија или групација. Затоа често велиме идејност и политичност на наставата или идеолошко-политичко воспитување на учениците. Низ овие аспекти неопходно е да се обѕирнеме на наставата во другите земји, посебно на наставата што ја изведуваат нашите наставници во странство, зашто таму идејноста може да биде различна: прогресивна, конзервативна и реакционерна.

Кога сме на ова прашање, мораме да истакнеме дека идејноста на социјалистичкото училиште е прогресивна зашто кај учениците развива научен материјалистичко-дијалектички поглед на светот и ги ориентира учениците кон менување на општествените односи на линијата изградба на бескласно општество.

Социјалистичката идејност во наставата се постигнува со насочување на целокупниот наставен процес кон социјалистичката цел на воспитанието: научност, единство на образованието и воспитанието, свесно, и активно учество на учениците во наставата, поврзување на наставата во теоријата и практиката со средината и животот, со идејни ставови на наставникот и наставничкиот колектив итн.

При запознавањето со причинско-последичните врски, законитости и со суштината на појавите, процесите, предметите и друго, функцијата на учениците не смее да се сведе на пасивно слушање и набљудување во наставата, туку треба да се опфати нивната полна ангажираност во извршувањето на конкретни задачи и дејности, изведување судови и заклучоци и слично. Тоа ја наметнува обврската за соработка меѓу наставниците во организирањето на наставниот процес, обезбедувајќи меѓу другото полна корелација помеѓу сите наставни области. Корелацијата на наставните содржини од Програмата што се реализира со нашите деца во странство има посебно значење за постигнување на идејните цели во образовно-воспитната работа.

### Историските содржини во наставната програма и идејноста

Овие содржини имаат посебно значење и место во развивањето на идејноста кај учениците. Наша основна задача е да ги усвојат учениците тие содржини и преку нив да формираат ставови и убедувања што ќе придонесат во создавањето на целосна личност, хумана и способна да се бори за новото општество.

Историските содржини во Програмата за воспитно-образовна работа на македонски јазик со децата од основноучилишна возраст на југословенските граѓани на привремена работа во странство го има скоро во сите целини на трите фази на воспитно-образовниот процес.

Еве некои од нив:

— животот на луѓето во нашата земја пред доселувањето на Словените;

— населувањето на словенските племиња на подрачјето на денешна Југославија;

— во врска со тоа читање и обработка на погодни текстови за историската условеност на наставникот на заедничката држава;

— народите и народностите на СФРЈ (I целина II фаза);

— толкување и образложување лични ставови за културно-историските споменици на родниот крај (III целина II фаза);

— средновековните држави на нашата земја и влијанијата на разни култури (IX целина II фаза);

— запознавање на учениците со фактите дека нашите народи иако за првпат обединети (1918), немале национална слобода на социјална правда — во предвоена Југославија;

— посебно истакнување за македонскиот народ дека не бил признаван како посебен народ и дека само овој дел што живее во СРМ, денес живее и твори рамноправно со сите други народи и народности во СФРЈ;

— запознавање на учениците со најзначајните настани во нашата земја во почетокот на XX век;

— нашите земји под туѓинска власт;

— создавање на Кралството СХС во 1918 година;

— борбата против угнетувачите во предвоена Југославија;

— изборот на Јосип Броз Тито за генерален секретар на КПЈ (СКЈ) и краток преглед на историјата на КПЈ (СКЈ);

— 29 Ноември — создавање на Нова Југославија;

— пионерите во НОВ (V целина II фаза);

— разговори за положбата на нашите народи и народности во предвоена Југославија врз основа на разни извори (V целина II фаза);

— револуционерната работа и борба на Јосип Броз Тито во Стара Југославија. Штрајкови и други начини на борбата на работничката класа под раководство на Јосип Броз Тито (IV целина II фаза);

— 22 Декември — денот на ЈНА (V целина II фаза);

— споменици од НОВ (III фаза);

— разгледување на податоци и текстови од историски извори (Повикот на КПЈ за одбрана на земјата; востанието на нашите народи;

— преминот преку Неретва — борба за ранетите;

— Сутјеска—Тито е ранет;

— Второто заседание на АВНОЈ и создавање на Нова Југославија;

— Сојузот на социјалистичката младина на Југославија (V целина III фаза);

— големите датуми на СКЈ: 27 март, Белградската конференција и други (I целина, III фаза);

— разговор за самоуправувањето во Југославија, наградувањето според трудот, самоуправното спогодување и општественото договарање, учеството на работниците во планирањето на развојот на организацијата на здружениот труд, оспособување на кадрите, солидарноста на работните луѓе (X целина, III фаза) итн.

Овие содржини треба интегрално да се обработат, во корелација со содржините од мајчин јазик, географија, ликовно и музичко воспитание, запознавање на општеството итн. кои ги има скоро низ целата Програма.

## Некои идејни ставови кои треба учениците да ги усвојат преку овие содржини

1. Работниот човек е творец на сите материјални и духовни придобивки и како таков има природно право со нив да располага.

Општествено-корисната работа е извор на сите богатства и сите средства за живот во минатото, сегашноста, а ќе биде и во иднината. Работните резултати и нивната припадност на работничката класа и уверување има доста наставни подрачја и содржини како на пример: општествените односи низ историското минато, културните достигања на нашите народи и народности и во светот, различните видови на производство, обновата и изградбата на нашата земја, нашата стопанска и општествена реформа итн. При тоа, неопходно е да се врши кратка систематизација за улогата на работата и работните луѓе и нивниот однос спрема трудот во класното општество. Во таа систематизација треба да се заврши со темата „Работничкото и општественото самоуправување" кое овозможува работните луѓе да располагаат со резултатите од својата работа. Се разбира, при тоа не смееме нашето општество да го идеализираме, туку да создаваме критички однос спрема сите негативни појави.

2. Хуманизмот е човечки однос на човекот спрема човекот и на општеството спрема човекот. Тоа е основно својство на праведниот човек и праведното општество и истовремено е и борба за менување на неправедните општествени односи. Затоа секое востание на потчинетите класи и народи, секоја револуција, како и секоја акција за отстранување на пречките во напредокот на општеството во прв ред е хумана акција. За развивање на хуманизмот никогаш не е премногу да се зборува па поради тоа училиштето има голема задача во воспитувањето на хумана личност. Повеќе наставни теми од Наставната програма ни даваат големи можности за тоа.

3. Напредокот во развојот на средствата за производство предизвикува промени во општествените односи. Потчинетите класи во класното општество единствено сакаат и можат да ги менуваат општествените односи. За да се реализира ова сфаќање кај учениците имаме доволно градиво во Програмата. Особено содржините од НОВ и револуцијата на нашите народи и народности можат и треба да ни послужат за систематизација на усвоените ставови, но при тоа кругот да не го затвориме со идеализирање на состојбите кај нас, зашто е потребно тоа општество и натаму да го усовршуваме и менуваме, па и натаму се потребни свесни револуционерни сили меѓу кои припаѓа младата генерација.

4. Историските личности изиграле видна улога во напредокот на човештвото. Има историски личности кои изиграле и негативна улога во развојот на општеството. Уште од најмладата возраст треба и мора учениците да ги оспособиме спрема историските личности да пристапуваат критички и да сфатат дека и тие личности се продукт на своето време.

Потребно е постојано да се истакнува големата улога на научниците и пронаоѓачите, а кај револуционерите освен храброста да ја истакнуваме и нивната хуманост.

Низ наставните содржини такви личности ќе истакнеме повеќе меѓу кои Јосип Броз Тито во прв план како: политичар, војсководец, државник, хуманист, визионер и човек.

5. Секој поединец му припаѓа на некој народ или нација и тука создава услови за својот живот.

Нема повеќе или помалку вредни нации или раси, секоја нација, според своите услови и степен на развој, придонесла во општиот развој и напредок на човештвото. Нужно е меѓусебно запознавање, разбирање, почитување и помагање на народите и нациите, а *национализмот*, *шовинизмот* и *расизмот* не се особини достојни на човекот. Човекот од секогаш бил општествено суштество, живеел во него и пак треба да се подготви за активен живот во него.

Ова сознание е посебно важно за нашите деца во странство кои живеат во различни средини и се сретнуваат со луѓе што припаѓаат на разни народи, нации и раси.

Материјата низ која ќе се истакнуваат овие поставки почнува од првобитното општество, а завршува со современиот живот во сите фази и целини на програмата, а најмногу во II и III фаза — во материјата за НОВ и Револуцијата.

Преку наставата учениците треба да стекнат можност и способност да го разликуваат *националното* како нужно и корисно, од *националистичкото*. Ќе се укаже и на шовинизмот вклучувајќи го и поблиското минато (окупацијата, усташите, четниците и другите предавници), опфаќајќи и актуелизирајќи ги меѓунацио-

налните односи во нашата земја денес заедно со најновите истапи — националистички, шовинистички, иредентистички во земјата и надвор од неа.

6. *Религијата* и односот спрема неа е значаен идеен проблем. Преку наставата треба да ги оспособиме учениците самостојно да размислуваат за тоа прашање и самите да доаѓаат до правилни научни сопствени заклучоци и ставови, без да им ги наметнуваме ние.

Религијата како форма на општествената свест и црквата како организација се историска појава, создадени од незнаењето и стравот на луѓето. Знаењето — науката и културата ја потиснуваат религијата, а треба да ја замени едно ново чувство — хуманизмот и тоа револуционерниот хуманизам.

За да се постигнат тие цели, ќе ни помогнат историски, географски, литературни и други содржини од целата наставна програма.

7. *Војните* не се само можност за искажување на јунаштво и хероизам, туку во прв ред, извор на големи несреќи и уништувања. Голем дел од историјата (светска и наша) е полн со војни и битки. Ние мораме да ги класифицираме тие војни и воени судири. Освојувачките војни се пљачкашки, без обѕир под каква маска и парола се воделе. Тие се секогаш војни во полза на мал слој на владеачката класа.

Критичкиот однос спрема војните (минатите и денешните), ќе создаде кај учениците сознание за неопходноста од борбата за мир, но не мир по цена на покорување на некоја поголема сила. Ослободителните војни се природно право на секоја покорена нација.

Таквите ставови ќе им овозможат на учениците правилно да ја оценат и нашата НОВ и Социјалистичката револуција и нашата политика односно борба за мир и неврзување, како и поддржување на секоја борба за слобода.

8. *Власта* е појава на класното општество и државата. Нејзините облици постојано се менуваат според потребите на владеачката класа.

Со наше залагање учениците треба да сфатат дека постепеното укинување на власта во нашето општество не значи создавање анархија, туку усогласување интересите на сите работи луѓе, дека се бориме за укинување на секоја власт но дека од свеста на работните луѓе зависи кога и каде ќе дојде до тоа.

Еве уште некои теми погодни за реализирање на идејноста во наставата:

9. *Изучувајќи го меѓународното работничко движење* може да изградиме од учениците свесни борци за социјализам — да го градат и бранат од сите потенцијални противници во земјата и надвор од неа, односно кои ќе се солидаризираат со социјалистичките движења, каде и да се појават и развиваат тие.

10. *Интернационализам* иако спаѓа во етичките вредности, има и идејно значење во наставата зашто е нејзин составен дел.

Интернационализмот е солидарност на сите народи во светот, братска, пријателска и добронамерна врска и соработка меѓу сите држави, народи и народности. Целите на воспитанието во духот на интернационализмот се многустрани: љубов и почитување спрема сите народи, давање меѓусебна помош во незгоди и во борбата за независност, против експлоатацијата итн.

Наставникот има сложена и тешка но благородна и хумана задача, Со својата работа тој треба да придонесе за меѓусебното зближување на луѓето, така што своите ученици, во текот на школувањето, да ги „вооружи" со убедувања дека меѓусебното разбирање е единствен услов за одржување на мирот во светот. Тоа убедување ќе им помогне во животот да склопуваат пријателство, да ги рушат границите на неслогата и раздорот, бојата на кожата, јазиците, океаните, планините и другите разлики, сето тоа да не биде пречка за постојани акции за меѓусебно зближување на луѓето.

11. Негувањето на придобивките од НОВ и Револуцијата — *братството и единството* на нашите народи и народности е наша основна задача во образовно-воспитната работа.

Во текот на НОВ и Револуцијата на дело е исковано братството и единството на нашите народи и народности. Таа придобивка остварена со крвта на најдобрите синови на Југославија треба да биде *водич* — раководна идеја на младата генерација и да претставува почетна основа на сите потфати во воспитанието и образованието на учениците.

На крајот да додадеме со аксиомата дека:

Остварувањето на идејноста во наставата во целина ја поставува во прв план *наставниковата личност*, неговото *убедување*, *сфаќањата* и *определувањата* — покрај *стручната, методската и педагошката* оспособеност за наставната и воспитната работа.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Marksističko i društveno vaspitanje školske omladine, Jugoslovenski zavod za proučavanje školskih i prosvetnih pitanja, Beograd 1972 (biblioteka modernizacija nastave).
2. ПОТКОЊАК, д-р Никола, — Класност васпитања, „Просветни преглед", 1975 (едиција бр. 25).
3. МИТРОВИЋ, д-р АНДРЕЈ — Марксизам и историја, „Просветни преглед", 1976 (едиција бр. 46).
4. Dr STEVAN BEZDANOV, — Tito o vaspitanju i obrazovanju — obrazovanje na Titovom putu revolucije koja teče, Sindikat radnika društvenih delatnosti Jugoslavije, Savezni odbor, Beograd 1977.
5. FRANKOVIĆ, dr DRAGUTIN — Marksističko obrazovanje u školi, didaktičko-metodski prilozi, Beograd, 1979.

6. LEKIĆ NOVICA, — Narodnooslobodilački rat, Narodna rvolucija i savremena istorija kao najznačajna komponenta u negovanju duha zajedništva naroda i narodnosti u SFRJ, „Nastava istorije", 1975, 1, 61.
7. RAKIĆ, dr L. — Uloga sadržaja iz istorije kulture u marksističkom obrazovanju i vaspitanju učenika, „Nastava istorije", 1976, 1, 9.
8. PEROVIĆ, mr M. i DRAGUTINOVIĆ M. — Neki Problemi marksističkog obrazovanja i vaspitanja u nastavi posleratne istorije naroda i narodnosti SFRJ, „Nastava istorije", 1976, 1, 26.
9. GAL DJ. — Šta guši idejnost u nastavi, „Pedagoška stvarnost", 1972, 1, 23.
10. ВУКОВИЋ В. — Идејност у настави, „Настава и васпитање", 1972, 5, 545.
11. М-р МИОДРАГ Д. ИГЊАТОВИЋ, — Револуционарне традиције — стална обавеза социјалистичке школе, — „Настава и васпитање", 1977, 4, 459.
12. BULATOVIĆ R. — Neki metodološki i idejni aspekti obrade istorije Narodnooslobodilačke borbe u osnovnoj školi, „Naša škola", 1979, 1—2, 31.
13. ЧИНГО Н. — Улогата на наставата по историја во марксистичкото образование и воспитување на младото поколение, „Историја", 1973, 1, 155.
14. V. PODREBARAC. — Idejno-politički odgoj danas, „Obrazovanje i rad", 1974, 3.